**ДНЕВНО ПЛАНИРАЊЕ**

**Час:** 2
**Датум:**
**Наставен предмет:** Работа со компјутери и основи на програмирањето
**Програмско подрачје:** Тема 2 – работа со текст
**Наставна содржина:** Уредување на текст
**Тип на час:** Обработка
**Цели:** Да се оспособи за манипулација со делови на текст (селекција, преместување и копирање)
**Очекувани резултати:** Селектира, преместува и копира делови од текст
**Место на реализација:** Училница
**Форми на работа:** Заедничка работа, индивидуална работа
**Наставни методи и техники:** Вербален – дијалошки метод, метод на усно излагање, метод на демонстрација
**Наставни средства:** Компјутери
**Следење и вреднување (методи, инструменти и индикатори):** Набљудување, чек - листа, преместува и копира текст

**ТЕК НА АКТИВНОСТИТЕ**

**Воведна активност:** Се отвора датотеката креирана на претходниот час на два начини:
- Прв начин: се отвора папката во која се наоѓа датотеката со двоен клик.
- Втор начин: се стартува програмата OpenOffice Writer со одбирање на Апликации > Канцелариски > OpenOffice.org 3.1 Writer, па од Датотека > Отвори се бира локацијата на папката и името на датотеката.

**Учечко - поучувачки активности:** Што треба најпрво да се направи за да се премести или копира текст? (текстот треба да се селектира). Повторуваме како се селектира текст.
КОПИРАЊЕ:
Прво се селектира текстот.
Десен клик врз селектираниот текст > Копирај, клик на бараната локација, десен клик > Вметни.
ПРЕМЕСТУВАЊЕ:
Прво се селектира текстот.
Десен клик врз селектираниот текст > исечи, клик на бараната локација – десен клик > Вметни.
АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ: Со задавање одредени барања, учениците вежбаат копирање и преместување текст на двата начини. На пр:
- втората реченица да стане прва;
- третата реченица да стане прва;
- копирај ги последните реченици на крај на текстот.

На крај од оваа активност документот се зачувува.
**Активности за евалуација:** На крај на часот, правиме речениците од текстот да бидат во правилен редослед. Ја снимаме датотеката со избирање Датотека > Зачувај. Дискусија со која се резимираат знаењата стекнати на овој час.

obrazovanie.literatura.mk